

# БРИФ НА ПОЛИТИКИТЕ НА ЕФЕКТИТЕ ОД КРИЗАТА ВРЗ РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ГРАЃАНИ

LAG AGRO LIDER

Прилеп, 2023

# БРИФ НА ПОЛИТИКИТЕ НА ЕФЕКТИТЕ ОД КРИЗАТА ВРЗ РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ГРАЃАНИ

**Рекордни цени на енергенсите, намален животен стандард и здравствени ризици. Во Р Северна Македонија тешко е да се дојде до точната бројка на граѓани погодени од енергетската сиромаштија и високата инфлација бидејќи не постои база на податоци, туку бројката се проценува на околу 30% од населението, а тука не влегуваат само примателите на социјална помош, туку и средната класа.**[1]

По Ковид-пандемијата, во месец март 2020, започнувањето на војната во Украина, во месец февруари 2022 година, дополнително ја зголемија веќе постојната енергетска криза и предизвикаа достигнување на рекордна инфлација од 19,8 % во месец октомври 2022 година за последните 25 години во Р Северна Македонија.

Инфлацијата и енергетската криза доведоа до зголемување на основните трошоци за живот како што се сметките за струја и основните прехранбени производи, при што доведоа до намалување на квалитетот на животниот стандард кај граѓаните и стагнирање на економскиот раст во земјата. Поради ова од Владата се донесени пакет мерки со намена да се ублажи шокот од вртоглаво зголемените цени на енергенсите на светските берзи.

Подолу на сликата се наоѓа графикон за движење на инфлацијата во последните 25 години. Како појаснување, посакуван годишен процент на инфлација во границите на ценовната, монетарна стабилност на една земја е 2 % инфлација.[2]




Во четвртиот квартал од 2022 година, годишната стапка на инфлација достигна **19,8%**. Најголем ефект врз зголемувањето на инфлацијата имаа растот на цените на основните прехранбени производи и високите цени на електричната енергија.

[1]https://tradingeconomics.com/country-list/inflation-rate
[2]https://www.ecb.europa.eu/mopo/strategy/pricestab/html/index.en.html
[3]https://tradingeconomics.com/macedonia/inflation-cpi







„Цените на храната во четвртиот квартал од 2022 година забележаа годишен раст од 30,3%. Од аспект на структурата, растот кај цените на храната, главно, произлегува од зголемените цени во категориите „леб и жита“, „млеко, сирење и јајца“ и на месото, коишто опфаќаат малку повеќе од три четвртини од порастот на цените на прехранбената компонента.

Заради ублажување на ценовните притисоци кај прехранбените производи, беа донесени мерки за ограничување на трговските маржи на поголем дел од овие производи, укинување на царината за увоз на масло за јадење од сончоглед и за увоз на млеко и павлака, како и мерки кои се однесуваат на електричната енергија со цел да се предизвика намалување и стабилизирање на цените на домашните прехранбени производи. Високиот и долготраен раст на цените на храната е условен, главно, од надворешни фактори, како што се растот на цените на основните прехранбени производи на меѓународниот пазар, преносниот ефект од повисоките цени на електричната енергија и нафтените деривати врз оперативните трошоци, зголемените цени на вештачките ѓубрива, добиточната храна и останатите влезни елементи во примарното производство, како и апрецијацијата на САД-доларот. Во четвртиот квартал, странските ефективни цени на храната, изразени во евра, бележат забрзан годишен раст, а кај продажните цени на домашните производители на храна се забележува стабилизирање на растот.

Цените на енергијата во четвртиот квартал се повисоки за 23,6% на годишна основа, што претставува одредено забавување на растот (25,5% во претходниот квартал). Ваквата динамика е резултат на забавениот раст на домашните цени на нафтените деривати, во услови на надолен тренд на цената на суровата нафта на светските берзи, а при одредена апрецијација на САД-доларот. Растот на домашната цена на електричната енергија за домаќинствата се задржа на нивото од претходниот квартал, по регулаторното зголемување во јули и преносниот ефект од зголемените цени на почетокот на годината. Во рамките на енергетската компонента, цените на цврстите горива имаа засилен раст во четвртиот квартал, и покрај донесените мерки за ограничување на извозот и трговската маржа на огревно дрво и пелети, а повисоки се и цените на централното греење, по регулаторното зголемувања во јануари и август.

Цената на електричната енергија за домаќинствата се зголеми во просек за 14,8% во 2022 година, а во месец јануари 2023 година дополнително за 3,7%.
Над три четвртини од зголемувањето на инфлацијата се должи на немилосрдниот пораст на цените на енергенсите, што претставува најголем товар на рамениците на најсиромашните домаќинства. Домаќинствата со најниски примања и ранливите категории граѓани доживеаја пад на својот приход. Покрај тоа, приходите се намалуваат секој ден, бидејќи инфлацијата расте со највисока стапка во последните 40 години.

Само 7% од планираниот буџет за антикризните мерки е наменет за справување со кризата со цени на храната, додека 90% за енергетската криза. 35% од предвидениот буџет за антикризни мерки е алоциран за субвенционирање на електричната енергија на граѓаните и малите потрошувачи.

Во однос на кризата со цените на храната, во 2022 година поддршка на граѓаните беше понудена во форма на субвенции за најранливите категории граѓани за набавка на основни прехранбени производи, како и субвенции за пензионерите и примателите на пониска пензија. Дополнително беше намалена и стапката на ДДВ за основни прехранбени производи и беа замрзнати трговските маржи на основните прехранбени производи. Според Владата, со намалувањето на стапката на ДДВ за основни прехранбени продукти и ваучери за најранливи категории граѓаните заштедиле 6 милиони евра месечно.

Исто така, во месец септември 2022 година, Економско-енергетскиот совет донесе одлуки поврзани со обезбедувањето топлинска и електрична енергија. Во однос на електричната енергија е одлучено дека: државата ќе субвенционира 80% од сметката за електрична енергија за 650 илјади домаќинства. Така, во месец октомври 2022 година Владата донесе и нов пакет мерки за финансиска поддршка на ранливи категории граѓани, пензионери и компании и содржи целни мерки насочени кон најранливите категории граѓани; инвестиции во енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

На 4 ноември 2022 година Владата донесе Одлука да продолжи заштитата на домаќинствата од повисока цена на топлинска енергија. На 26 декември 2022 година во согласност со Буџетот на Министерството за економија за 2023 г. се обезбедени средства за справување со енергетската криза и поддршка на домаќинствата и компаниите и е продолжена мерката за замрзнување на маржите на основните прехранбени производи до крајот на месец април 2023 година.

Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ), од 1 јули за првпат воведе скалесто тарифирање за потрошувачката во високата тарифа, односно воведе модел со 4 блок-тарифи. Во однос на дотогашната единствена висока тарифа, цената на електрична енергија за блок 1 е повисока за 5,5%, блок 2 за 10,3%, блок 3 за 18,3% и блок 4 за 138,7%,

За поддршка на домаќинствата во 2022 година Владата одвои 80 милиони евра или 12.6% од планираниот буџет.

Во мерките за справување со енергетската криза може да се издвојат директните субвенции за енергетска сиромаштија доделени на корисници на ГМП и приматели на социјална пензија.
Во однос на кризата со цени на храната, во 2022 година поддршка на граѓаните беше понудена во форма на субвенции за најранливите категории граѓани за набавка на основни прехранбени производи, како и субвенции за пензионерите и примателите на пониска пензија.

**Од почетокот на енергетската криза и порастот на цените се донесени над 30 мерки со вредност од над 600 милиони евра за заштита на домаќинствата и економијата.**

## Цел:

Цел на овој бриф е преглед на ефектите од спроведените мерки за олеснување на енергетската криза и инфлацијата врз ранливите категории граѓани. Од енергетската криза и инфлацијата не се погодени само најранливите категории граѓани, туку е погодена и средната класа граѓани, со што дополнително се зголемува степенот на енергетска сиромаштија.

## Методологија и резултати

Со цел подетално да се истражат ефектите од кризата врз ранливите категории граѓани, но и начините како да се одговори на овие предизвици, ЛАГ Агро Лидер спроведе истражување на социоекономските, владините и политичките влијанија на ранливите категории граѓани, по различни основи.

## Методи /Пристап/Податоци

Истражувањето е спроведено врз основа на две димензи: примарна и секундарна. Прибирањето и анализата на примарните податоци од терен се базира на електронско истражување според претходно подготвен прашалник.

Секундарните податоци се добиени врз основа на анализа на законската рамка, програмите, стратегиите и извештаите од Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Регулаторната комисија за енергетика, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Агенцијата за вработување.

За потребите на анализата спроведено е квалитативно истражување со метод на фокус-групи во Прилеп, Битола и во Ресен. Во фокус-групите учествуваа 30 лица кај кои за време на кризата се промениле приходите, се променила положбата на пазарот на трудот итн.

Учесниците на фокус-групите припаѓаа на една или повеќе ранливи категории граѓани – жени, млади, самохрани мајки, лица со попреченост, приматели на гарантирана минимална помош, неформални работнички, итн.

Фокус-групите овозможија согледување на состојбите со инфлацијата и енергетската криза врз ранливите категории граѓани и нивната поторшувачка кошница пред и по кризата.

## Деск истражување

Во рамките на деск истражувањето беа вклучени документациската и дескриптивната анализа на пакетите со мерки за ранливите категории граѓани, општинските буџети и годишни планови на општините Прилеп, Битола и Ресен наменети за справување со енергетската криза и покачувањето на цените на прехранбените производи. Од анализата на програмите на локално ниво, генерално може да се одвојат следниве антикризни мерки:

### *Антикризни мерки за справување со енергетската криза*

- *Поставување нови ЛЕД светилки, со потрошувачка од 100 вати, наспроти претходните од 300 вати и замена на постојното јавно осветление со светилки со лед диоди*
- *Инвестирање во Енергетска обнова на колективните станбени згради постари од 25 години*
- *Субвенционирање на енергетската ефикасност на колективните згради*
- *Замена на дограма на домаќинствата*
- *Субвенционирање инвертер клима уреди*
- *Поставување фотоволтаици*

### *Антикризни мерки за поддршка на социјално ранливите категории*

- *Доделувањето финансиски средства од локалните буџети за лицата од ранливата категорија и социјален ризик. Права за добивање финансиска помош имаа лицата од следниве групи:*

  *I Лица со ризици за здравјето со социјален статус*
  *II Лица од социјален ризик и*
  *III Физички лица кај кои се јавува потреба од средства заради итност и сериозност*

- *Еднократна парична помош на социјално ранливите категории*
- *Надоместок за партиципација на деца од детски градинки од социјално ранливите семејства*
- *Користење јавен превоз за лица со посебни потреби (набавка на ваучери)*
- *Субвенционирање на месечните трошоци за вода на социјално ранливи категории граѓани*
- *Програма за обезбедување оброк за учениците во прво одделение од основните училишта*
- *Намалување на утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на учениците во основното и во средното образование*

На следнава слика е прикажана графичка анализа на вкупно преземените мерки за справување со енергетската криза и покачувањето на цените на храната од локалните самоуправи во своите план - буџети за 2022 и 2023 година.

***Превземени мерки кои се наменети за енергетска (Е) криза, криза со храна (Х)***



Најмногу проекти и трошоци од општините се преземени за справување со енергетската криза, додека пак постои недостиг на проекти кои ќе им ги олеснат трошоците за основните прехранбени продукти на граѓаните.

## Фокус групи:

Овој дел ги презентира клучните заклучоци и препораки врз основа на прашањата што се дискутираа на фокус-групите одржани во Битола, Прилеп и во Ресен.

| Возраст | Број на испитаници |
|---|---|
| 18 - 30 | 7 |
| 31 - 45 | 14 |
| 46 - 64 | 8 |
| Над 65 | 1 |
| **Вкупно** | **30** |

Табела 1. Преглед на испитаниците според возраста




Табела 2. Преглед на испитаниците според работниот ангажман

Испитаниците се од различна структура според работниот ангажман. Генералното видување е да се изврши компаративна споредба на влијанието на кризата на различни категории домаќинства.

Учесниците излагаа различни проблеми со кои се соочуваат, загриженост за наглото зголемување на трошоците за живот, стагнантните нивоа на приходи, селективните практики за вработување и недостигот на локална поддршка во време на криза и инфлација. Овие сознанија и заклучоци можат да им помогнат на општините и другите релевантни органи подобро да се справат со предизвиците и да ги подобрат условите за живот на граѓаните.
Овој документ претставува сеопфатна анализа на проблемите со кои се соочуваат граѓаните и предлага препораки за ефикасно справување со овие предизвици.

Прашањето кое преовладуваше за време на фокус-групите беше драматичниот пораст на трошоците за живот. Секојдневните неопходни ресурси како храната, струјата и водата станаа премногу скапи, поради што семејствата не се во можност да состават крај со крај. Товарот е особено тежок за домаќинствата со ниски приходи, самохраните мајки и многудетните семејства, на кои им е сè потешко да се справат со растечките цени.

> ***Јас готвам на плин и општо не трошам струја. Ми дојде сметка од 6000 денари. Со тие 9000 денари кои ги добивам, дали да ги нахранам децата, дали да платам кредит или сметки. Работа не ми даваат.***

Наодите од фокус-групите се групирани во следниве категории:

### *Финансиска стабилност*

- Моменталната економска криза се издвојува како најголем проблем во моментов, како на лично, така и на ниво на држава
- Расходите се драстично зголемени во однос на периодот пред кризата поради што граѓаните мораа да се откажат од многу трошоци кои не се најприоритетни и најосновни за секојдневниот живот.
- Недостигот на раст на приходите паралелно со зголемувањето на трошоците ги зголемува финансиските тешкотии, особено на социјално загрозените семејства
- Прекувремена работа во основната, и/или дополнителна дејност

### *Навики за користење на потрошувачка енергија и храна*

- Максимално штедење на струја, откажување од трошоци за облека, луксуз, активности за релаксација и други секундарни животни потреби
- Пренамена на целосниот месечен приход само кон покривање на најосновните потреби т.е храна, месечни сметки и кирија.

### *Искористеност на мерkте во општината воведени за справување со енергетската криза, кризата со цените на храната?*

- Недостигот на локални мерки и интерес од општините за справување со тешкотиите со кои се соочуваат граѓаните во време на криза и инфлација.
- Парадоксален пристап за решавање на проблемот со субвенции на клима уредите при големо покачување на цената на електричната енергија
- Неусогласеноста во мерките на локално ниво не придонесува кон олеснување за граѓаните и поставува прашања за ефективноста на тековните програми за субвенционирање
- Примателите на ГМП искористиле еднократна парична помош, меѓутоа не се задоволни од нискиот износ
- Субвенциите за исплата на сметките за струја се добар индикатор за поддршка на социјално ранливите домаќинства

## Заклучоци и Препораки од фокус-групите:

### *Општинско вклучување и зајакнување:*

Постои недостиг на локални мерки и интерес од општините за справување со тешкотиите со кои се соочуваат граѓаните во време на криза и инфлација. Отсуството на стратешки план за борба против социоекономските предизвици ја влошува ситуацијата, оставајќи го социјално ранливото население без потребните системи за поддршка. Ова ја нагласува потребата од активно вклучување на општината и имплементирање иновативни иницијативи приспособени на специфичните потреби на секоја заедница. Издвојувањето дополнителен буџет за поддршка на граѓаните и бизнисите кои се соочуваат со финансиски тешкотии поради инфлацијата, дополнително ќе помогне да се стабилизира локалната економија.

### *Поттик за „купувај локално”:*

Поттикнувањето за локално купување може да придонесе за економскиот раст во Регионот. Со промоција на локалните бизниси, ќе се зголеми придонесот спрема заедницата, а истовремено ќе се намалат трошоците на населението.

Децентрализација и распределба на локалниот буџет:
За да се подобри локалното управување и одлучувањето, треба да се размислува за децентрализација на општините. Ова зајакнување ќе овозможи насочени и ефективни активности и приспособени решенија за справување со предизвици со кои се соочува секоја општина. Издвојувањето дополнителен буџет за поддршка на граѓаните и бизнисите кои се соочуваат со финансиски тешкотии поради инфлацијата ќе помогне да се стабилизира локалната економија.

Фокус-групите ја открија суровата реалност со која се соочуваат граѓаните поради зголемената инфлација и економските предизвици. Тие дадоа конкретни информации и сознанија од голема вредност за предизвиците со кои се соочуваат. Зголемените трошоци за живот, недостигот на локална поддршка и ограничените можности за дополнителен приход се проблеми што треба да се решат. Препорачаните мерки, како што се децентрализација, дополнителна распределба на буџетот и стимулации за локално купување, може да помогнат во подобрувањето на животот на граѓаните и бизнисите во регионот. Со приоритет на стратегијата и планирањето, општините може да обезбедат поефективни и долготрајни решенија на проблемите со кои се соочуваат нивните заедници.

# Трошоци на едно семејство пред и после кризата

**Рекордна инфлација од 19,8 проценти во месец октомври 2022 година**
Во рок од една година т.е. од месец октомври 2021 година трошоците за живот порасна за 16.940,00 денари до месец октомври 2022 година, а по воведувањето на владините антикризни мерки следува постепено намалување на инфлацијата како и регулирање на минималната синдикална кошница.

Во прилог: график со информации за движењето на нето-платите и минималните трошоци на едно семејство во последниве две години. Податоците се преземени од Државниот завод за статистика и од Сојуз на синдикатите на Македонија.

| Година | Месец | Просечна месечна исплатена нето-плата по вработен | Пресметан процент на промена во однос на јан. 2021 | Минимална Синдикална Кошница | Пресметан процент на промена во однос на јан. 2021 | Инфлација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | Јуни | 28,744.00 ден. | 1,67% | 34,212.00 ден. | 1.67% | 2.7% |
| 2022 | Јуни | 31,869.00 ден. | 12.72% | 39,710.00 ден. | 18.01% | 14.5% |
| 2023 | Јуни | 36,527,00 ден. | 29.20% | 48.543.00 ден. | 44.26% | 9.3% |




Иако просечната нето-плата по работник се зголемува, споредбено со процентот на зголемувањто на трошоците сè уште не е постигнато да бидат во ист сооднос платата и трошоците како во месец јануари 2021 година.

Графиконот погоре е приказ за овие промени на тој начин што како почетна точка е земен месец јануари 2021 година за нето-плата и минимална кошница со 0 % разлика, за на крај да добиеме во месец јули 2023 година 28,35 % покачување на платите во однос на месец јануари 2021 година и 44,49 % покачување на минималната кошница во однос на месец јануари 2021 година.

## Компаративна споредба на цени




Извор: ДЗС – компаративна споредба Цените се изразени во МКД

Само за категоријата храна и безалкохолни пијалаци и категоријата домување, вода, електрична енергија, гас и други горива, на едно семејство во месец јуни 2021 година (пред почетокот на кризата) му биле потребни 28.085,00 денари, додека пак во месец јуни 2023 година им се потребни 33.331,00 денари.
Имено, доколку се додадат трошоците за хигиена, превоз, облека и обувки, култура, одржувањето и здравје, рекреација, образование, минималните трошоци на едно четиричлено семејство изнесуваат 49.384,00 денари, што значи дека на едно семејство со две минимални плати од околу 20 илјади денари ќе му недостига барем уште половина плата за да може да ги намири основните потреби.

Со новата методологија на пресметка на просечната плата, како и порастот на минималната плата која не смее во ниту еден момент да биде пониска од 57 % од просечно исплатената плата по вработен во државава, платите реално ќе растат, но не доволно за да се сочува на исто ниво и куповната моќ.

Постои ефект на „доцнење“ помеѓу цените на енергијата и трошоците за храна. Имено, пониските цени на енергијата треба да придонесат за пониски цени за производството на храна во определен временски период (најчесто земени 6 месеци). Односно, моменталните цени на храната ја одразуваат цената на енергијата која била пред шест месеци. Тоа значи дека доколку се стабилизира цената на енергијата, ќе се стабилизира и цената на храната после шест месеци.

## Мерки за поддршка на ранливите категории граѓани за време и по завршувањето на кризата

Со цел справување со енергетската и ценовната криза, Владата на Р Северна Македонија донесе пакет со 26 мерки, од кои за ранливите категории граѓани се однесуваат следниве:

- Со измените на Законот за данокот на додадена вредност, даночната стапка за прометот на електричната енергија за домаќинствата е намален од 18 на 5 %, заклучно со месец јуни 2022 година,
- Замрзнување на цените на дел од основните прехранбени производи и мерка за ограничување на маржата за тие производи,
- Намалување на повластената стапка на ДДВ за основните производи за човечка исхрана од 5% на 0%. Ова се однесува на основните производи како леб, шеќер, брашно, сончогледово масло за јадење, трајно млеко, свежо месо, ориз и јајца.
- Финансиска поддршка за најранливите категории граѓани (по 3,000 ден за 4 месеци)
- Ваучери во вредност од по 1.000 денари за 3 месеци за 35.000 корисници, кои би се користеле за купување основни производи.
- Субвенции за пензионерите (по 1.000 денари за 3 месеци за 326.840 пензионери) започнувајќи од мартовската, а завршувајќи со мајската пензија како дополнување на пензијата.
- Финансиска поддршка на приматели на пониска пензија, до 11.525 денари (по 6,000 ден и 3,000 ден за 4 месеци)
- Повластена стапка на ДДВ од 5% за електрична енергија за домаќинствата до крајот на годината. Дадена препорака за воведување блок-тарифи за помало потрошено количество електрична енергија - истато да биде тарифирана со пониска цена, со што ќе се заштитат тие што имаат помал доход, но воедно и ќе се мотивираат за дополнително штедење во користењето на електричната енергија.
- Преку Програмата за енергетска сиромаштија, на домаќинствата со ниски примања месечната сметка за потрошена електрична енергија ќе им се намалува за 600 или 800 денари, согласно со висината на примањата, како и субвенционирањето на цената на парното греење.
- Намалување на стапката на ДДВ од 18% на 10% при промет на безоловен бензин, гасно масло, течен нафтен гас (ТНГ) и метан.
- Реорганизирање на јавниот превоз во општините, но и препораката за штедење и разумно користење на електричната енергија. Препораката се однесува за сите институции, домаќинства и компании. Од 1 септември 2022 година, започнаа да се применуваат препораките за заштеда.
- Програма за енергетска сиромаштија - корисници на ГМП и приматели на социјална пензија. Со оваа мерка се опфатени 36.000 домаќинства кои добиле еднократна помош од 3.000,00 денари.
- Програма за енергетска сиромаштија – финансиска поддршка за ранлива категорија преку оглас. Со програмата за енергетска сиромаштија, се предвидува финансиска поддршка за лица со ниски примања, којашто изнесува од 600 до 800 денари месечно, со важност од 12 месеци. Станува збор за 7.200,00 до 9.600,00 денари на годишно ниво за 7000 домаќинства од најранливите категории. Финансиската поддршка се однесува за лицата кои оствариле ниски примања во 2022 година чии редовни месечни примања во домаќинството не го надминуваат нето-приходот од 30.000,00 денари.
- Субвенции за набавка и монтажа на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија до 4 киловати за сопствена потрошувачка на домаќинствата.

## Анализа на мерките за храна и енергија

Извештајот на ММФ од 2023 година докажува дека сите мерки што Владата ги донесе преку шесте пакети имаат позитивно влијание врз намалувањето на невработеноста и севкупно на економскиот пад на земјата.

- Клучната мерка за зачувување на работните места, субвенцијата од 14.500,00 денари по работник во погодените компании, придонесла за зачувување на околу 60.000 работни места од 75.000 кои биле на работ да бидат изгубени.

- Социјалните мерки, пак, првенствено полабавите критериуми за доделување гарантирана минимална помош и еднократните плаќања по 3.000,00 до 9.000,00 денари на различни категории ранливи граѓани овозможиле доходот кај посиромашните слоеви да биде спасен во обем од 30 до 50 отсто

- Субвенции за клима уреди и кофинансирање нови прозорци и сончеви колектори. Ова е добра мерка во однос на подобрувањето на енергетската ефикасност на објектите и искористување на обновливите извори на енергија, но не е достапна за енергетски сиромашните лица од неколку причини. Мерката е формулирана како кофинансирање, што значи дека домаќинствата треба прво да инвестираат, а дури потоа да добијат надоместок. Домаќинствата што се енергетски сиромашни се фокусираат на покривање на основните потреби со лимитиран буџет и немаат вишок средства за инвестиции, туку само за намирување на (дел од) основите потреби. Оваа мерка, практично, ги субвенционира оние лица кои не спаѓаат во ранлива група граѓани, и онака, може да инвестираат во овие мерки.

- Субвенции за поставување фотоволтаици. Мерката е недостижна за енергетски сиромашните лица. Повторно резултатите се дека им се овозможуваат услови само на имотните лица да имаат придобивки од зелената транзиција. Неможноста енергетски сиромашните лица да инвестираат може да се илустрира со два примера на семејства кои имаат супстандардни услови на домашни енергетски услови.

## Стапка на сиромаштија пред и после кризата

**Во 2022 година, дури за 54% е зголемен бројот на граѓани – корисници на гарантирана минимална помош**

**76 000 граѓани добивале социјална помош во 2019 година, додека во 2021 година, поради енергетската криза и кризата со храна, тој број се искачил на 117 000 индивидуални лица**

**Според податоците од Министерството за труд и социјална политика во Северна Македонија има 35 000 корисници на парична помош од државата, тоа се домаќинства, а не индивидуални лица.**

Релевантните државни органи немаат објавено податоци за 2022 година. Во услови на енергетска криза и криза за храна не се знае каква е ситуацијата во 2022 година, а тие информации се потребни за формирање економски план и правец во кој треба да се движат економските и социјалните политики на Владата.

И покрај мерките на Владата за поддршка на ранливите категории граѓани за време и по завршување на кризата, Министерството за труд и социјална политика изготви Закон за финансиска поддршка на социјално ранливите категории граѓани за справување со енергетската криза, но, сепак, бројот на сиромашни лица се зголемува.



## Промени во навики за користење на електрична енергија поради кризата

Според Годишниот извештај од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за 2021 година, во Република Северна Македонија има вкупно 787.991 потрошувачи во категоријата домаќинства, кои во истата година потрошиле вкупно 3.316.805MWh електрична енергија. Притоа, мора да се истакне дека се забележува тренд на пораст на оваа потрошувачка, и тоа за 3,94% споредено со 2020 година, за 9,17% споредено со 2019 и за 10,97% споредено со 2018 година.
Енергетската заедница врз основа на процена утврдила дека енергетската сиромаштија во Македонија е 33%, односно тоа е процент од вкупниот број на домаќинствата кои не можат адекватно да ги затоплуваат своите домови во текот на зимата. Вредноста од 33% е една од повисоките во регионот на Западен Балкан. За споредба, на ниво на земји членки на ЕУ, просечната вредност на овој индикатор е околу 10%.

Вкупните потреби за електрична енергија во Македонија во 2022 година (или нето-увозот) се намалија за 1.605 GWh во однос на 2021 година.
Домаќинствата започнаа да штедат и податоците бележат намалена потрошувачка на електрична енергија. Со тоа, се намали обемот на производсто, што се гледа во реалниот годишен раст на БДП во 2022 година од само 1% пресметан по трошковен метод со постојани цени. Во овој случај, Владата не мораше да произведува количества електрична енергија како во нормални времиња.
Но, и покрај ваквата поволна состојба, во 2022 година производството од термоцентралите и хидроцентралите, како најблиска индикација за производството од државната ЕСМ е под просекот од 2012-2017 година. Процентот на месечна покриеност на финалната потрошувачка на домаќинствата од домашно производство во 2022 година е под просекот на 2012-2017 година.

## Заклучоци и препораки

Р Северна Македонија е рангирана на врвот според моменталната инфлација во однос на земјите од регионот, додека е меѓу најниските нивоа во однос на економскиот раст, таа е една од ретките источноевропски земји која сè уште не е закрепната од пред економскиот пад поради ковид кризата. Сè уште се наоѓа под нивото на приход пред пандемијата. Една од причините за оваа состојба е несоодветната фискална поддршка обезбедена од Владата. Поддршката повеќе беше насочена кон високобуџетните компании отколку кон ранливите групи граѓани.

Ситуацијата дополнително се влошува со енергетската криза на крајот од 2021 година. Земјата со децении немаше инвестирано во енергетскиот сектор, така што сегашното ниво на производство на електрична енергија е под нивото од времето на Југославија. Оваа причина доведе да бидеме зависни од увоз, при што 63% од потребите на електрична енергија се покриени од странство. Владата изготви план кој се состоеше од рестартирање на некои стари централи на јаглен, трошење на буџетот за поддршка на енергетските компании (вклучувајќи ги и приватните) и подигање на цената на струјата.

Зголемените трошоци за живот, недостигот на локална поддршка и ограничените можности за дополнителен приход се проблеми што треба да се решат.

**Потребно е да се подобри насочувањето на фискалната поддршка за да им се помогне на ранливите домаќинства што се соочуваат со пораст на цените на храната и енергијата. И покрај воведените антикризни мерки добивме и понатамошно зголемување на сиромаштијата и на намалувањето на животниот стандард.**

Има недостиг на систем за евиденција и следственост на ефектите од финансиската подршка насочена кон ранливите групи.
Владата на Р Северна Македонија нема воспоставено систем за следење на секоја мерка одделно и не е развиена и објавена централна база на податоци во која на дневно или месечно ниво би се објавиле информации за степенот на реализација на секоја поединечна мерка со податоци за планираните средства, бројот на деловни субјекти и граѓани за кои е наменета мерката, изворот на средствата, степенот на нивната искористеност и неискористеност, причините за нереализираност на мерката.

**Препорачани мерки се децентрализација, дополнителна распределба на буџетот и стимулации за локално купување кои можат да помогнат во подобрување на животот на граѓаните и бизнисите во регионот.**

**Потребна е поголема иницијатива и креативност за распределба на финансиската поддршка доделена на локалните самоуправи за справување со енергетската криза.**



ЛАГ Агро Лидер е здружение за рурален развој. Со холистичен пристап да го искористиме потенцијалот на Регионот, и во соработка со јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор преку заеднички иницијативи да достигнеме одржлив, инклузивен, социјален и економски раст.

## Мисија

Мисијата на ЛАГ Агро Лидер е да промовира и да придонесе кон одржлив рурален развој преку иницијативи, партнерства и користење на постоечкиот ендоген потенцијал.


**lagagrolider@gmail.com**

**lagagrolider.mk**


## Референци


1. Квартален извештај, февруари 2023 г, Народна банка на Република Северна Македонија

2. https://tradingeconomics.com/country-list/inflation-rate

3. Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (РКЕ), Годишен извештај за 2021 година, Скопје, 2022

4. Државен завод за статистика

5. Годишната програма за работа на ДЗР за 2022 година

6. „Службен весник на РМ“ бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/2015, 192/2015, 27/2016 и 83/2018 година и „Службен весник на РСМ” бр. 122/2021

7. Извештај на ММФ 2023

8. Извештај за напредок на Северна Македонија за 2022 година

9. Наоди, брифови за политики и заклучоци – Finance Think



Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

CIVICA MOBILITAS

*Оваа публикација е дел од проектот „Мониторинг, оценка и предлози за антикризни мерки во услови на тесен буџет“, поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на ЛАГ Агро Лидер и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.*